**Подобрување на економското управување во Македонија:**

**Достигнувања и предизвици**

Белешки подготвени за годинашниов состанок (2009) за Transparency International за Европа и Централна Азија.

Охрид, 15.06.2009 година
Берт ван Селм, Резидентен претставник на ММФ во Македонија

Дами и господа,

**1.** Големо е задоволството да се учествува на оваа значајна конференција која се одржува во право време. Во моите белешки денес, би сакал накратко да се осврнам на три прашања. Прво, која е улогата на ММФ во промовирање на управувањето како и намалувањето на корупцијата? Второ, до која мера нашиот домаќин денеска, Македонија, беше успешна во креирањето на опкружување погодно за добро управување и намалена корупција? И трето, што останува да се направи?

**Улогата на Фондот во промовирање на доброто управување**

**2. Како што знаете, ММФ е прв и најистакнат промотор на глобалната макроекономска стабилност**. Традиционално, Фондот повеќе го насочува своето внимание врз макроекономските варијабли – стапките на инфлација, девизниот курс, фискалниот и надворешниот биланс или монетарните агрегати – а потоа, на прашањата околу

управувањето кои не се квантифицираат така лесно. Со текот на времето, сепак, во Фондот се зголемува признанието дека доброто управување суштински придонесува за финансиската стабилност. Терминот „управување“ генерално ги вклучува сите аспекти на начинот на кој се управува со земјата, вклучувајќи ја економската политика и регулаторната рамка. Корупцијата претставува потесен концепт, кој често се дефинира како злоупотреба на државните овластувања или довербата за приватна корист.

**3. Улогата на Фондот во прашањата на управување, може да се резимираат како следи:**

(1) Прво, **целта**: ММФ работи со своите членки во правец на промовирање на транспарентноста и одговорноста, а да ги намали можностите за корупција во областите за кои Фондот има мандат и стручност (управување со јавни ресурси, прашања од финансискиот сектор).

(2) Второ, **опширни принципи** кон целта: преку „создавање на системи кои го ограничуваат опфатот за донесување на *ad hoc* решенија, за утврдување на закупнина, како и за несакано повластено постапување кон лица или организации“, и преку „поддршка на стабилно економско и регулаторно опкружување, погодно за ефикасни активности на приватниот сектор“.

Еден **пример** кој може да послужи за конкретизирање на овие цели и принципи: режими на т.н. повеќекратни девизни курсеви (*Multiple exchange rate regimes*), високи царински тарифи и контролирани цени, овозможуваат плодна подлога за коруптивни активности. Со помагање

членките да ги либерализираат системите за размена, тргување и цени, можностите за корупција се намалија. Во деведесеттите, голем дел од активностите на ММФ кај економиите во транзиција беше фокусиран на вакви прашања.

**4. ММФ исто така промовира добро управување преку специфични иницијативи:**

- ММФ ги поттикнува земјите членки да ја зголемат одговорноста преку зајакнување на транспареноста на политиките, во согласност со меѓународно признати стандарди и кодекси.

- ММФ разви кодекси со кои се дефинираат принципите на транспарентност за фискалната и монетарната политика. *Кодексот на добри практики за фискална политика* има за цел да поттикне подобра информираност во јавната дебата во однос на креираната фискална политика и резултатите од неа. *Кодексот за добри практики за транспарентност во монетарна и финансиска политика* служи за слична цел во областа на монетарната и финансиската политика.

- За да се подобри транспарентноста, квалитетот и навременоста на податоците, ММФ ги поттикнува своите членки да се определат за *Стандардот за дисеминација на посебни податоци* или да учествуваат во *Стандардот за дисеминација на општи податоци*.

- Примерот од финансиската криза во Мексико во 1994-95 година покажува непосредна поврзаност на транспареноста со макроекономската стабилност (што го наведе ММФ да го развие *Стандардот за дисеминација на посебни податоци*). Мексиканските власти го криеја од јавноста податокот за нивото на девизните резерви, што им дозволи да ја одложат стратегијата за усогласување - но, на крајот доведе до болен колапс на девизниот курс. Денес, делумно како резултат на напорите на ММФ, повеќето членки навремено го објавуваат податокот за резервите.

**Достигнувањата на Македонија за подобрено економско управување**

**5. После турбулентниот период од почетокот на деведесеттите, Македонија измина долг пат во унапредувањето и одржувањето на макроекономската стабилност.** Веќе подолг период, инфлацијата е на ниско ниво, фискалниот дефицит мал, а девизниот курс стабилен. Се разбира, тековната меѓународна финансиска и економска криза поставува предизвици – во случајот со Македонија, основната грижа е дефицитот во тековната сметка, од околу 13 проценти од БДП минатата година, со слично ниво на дефицит проектирано за годинава. Со цел за намалување на надворешните притисоци, Македонија ќе има потреба од позатегната монетарна политика, позатегната фискална политика, или пак поголемо надворешно финансирање – или пак комбинација од овие.

**6. Клучни чекори за либерализација на цените и на надворешно-трговскиот режим беа преземени во деведесеттите години.** Македонија стана членка на Светската Трговска Организација во 2003 година. **Приватизацијата** на општествените претпријатија беше воглавно постигната во деведесеттите, со неколку забележливи исклучоци (подолу во прилог). Владата, која започна со својата работа во август 2006 година, е фокусирана на дерегулација на економијата, преку т.н. „регулаторна гилотина", со што дополнително ги намалува можностите за корупција. Значаен чекор кој беше преземен пред кратко време, е **хармонизацијата на базите на социјалните придонеси, како и преземањето на функцијата за наплата на придонесите во Управата за јавни приходи**, почнувајќи

од јануари 2009 година**.** Почетните резултати на оваа реформа изгледаат добро; приходите од придонесите растат (дури и во услови на општ пад на даночните приходи). Реформата ја оневозможува евазијата на давачките во сферата на работните односи со што придонесува кон намалувањето на сивата економија.

**7. На крајот, во сегашниве услови на глобална финансиска криза, значајно е да се нагласи дека супервизијата на банките во Македонија е солидна веќе подолг временски период**. Новиот Закон за банките, донесен во мај 2007 година, беше главниот напредок – со одредбите во Законот се помогна за затворање на една мала банка која се соочуваше со проблеми во управувањето во 2007 година (Македонска Банка).

**На листата на задачи останува следново:**

**8. За да продолжи со градење на ваквиот успех, постојат бројни мерки кои Македонија може да ги преземе за понатамошно подобрување на економското управување**. Дозволете ми да набројам неколку клучни предлози:

(1) Усвојување на **нов закон за централната банка** од страна на Собранието. Овој закон ќе го зајакне управувањето и одговорноста, воедно обезбедувајќи појасно раздвојување на обврските помеѓу Гувернерот и Советот на НБРМ.

(2) **Супервизија на секторот за осигурување: глобалната финансиска криза покажа дека ова може да претставува значаен јаз.** Во Македонија, сега е време за воспоставување на здрава

регулаторна рамка, додека секторот за осигурување е сеуште мал, преку основање на планираната агенција за супервизија на осигурувањето.

(3) Трето, Извештајот на ММФ од 2008 година, по Членот 4, го идентификуваше **секторот на електрична енергија** како извор на квази фискални загуби, кои произлегуваат од разликата помеѓу домашните и странските цени. Потребно е порационално **утврдување на цената на електричната енергија** (сега постои поттик малите и средни претпријатија да плаќаат по тарифа за домаќинства). Постои исто така и потреба од наменски механизам кој ќе ги заштитува најсиромашните корисници на електрична енергија.

(4) и четврто, да се оформи појасна управувачка структура во **телекомуникацискиот сектор** преку ослободување од учеството што Владата го поседува во Мактел. Добри и ефтини телекомуникации се суштински за мала економија без излез на море. Додека настојувањата да се промовира конкурентност доведуваат до пониски цени, Владата останува подложна на конфликтни стимули, јавувајќи се едновремено како производувач односно како регулатор (при што дивидендата од Телеком се јавува како значителен извор на приходи на Владата). Продажбата на учеството на Владата исто така би помогнало за поткрепување на девизните резерви.

Благодарам.